

Лазар Мојсов (19.XII 1920 – 25. VIII 2011) е македонски и југословенски политичар, допломат, учесник во НОБ. Бил доктор по право и јавен обвинител на ДФ Македонија (1949–1951), претседател на Врховниот суд на НР Македонија (1953–1955). Бил амбасадор на СФР Југославија во повеќе земји и во Обединетите нации, а од 1977 до 1978 година бил и претседател на Генералното собрание на ООН. Од 20 октомври 1980 до 20 октомври 1981 година бил претседател на Претседателството на Сојузот на комунисти на Југославија, потоа од 17 мај 1982 до 15 мај 1984 година бил сојузен секретар за надворешни работи на СФРЈ, а од 15 мај 1987 до 15 мај 1988 година бил претседател на Претседателството на СФР Југославија. Објавил повеќе трудови од областа на надворешната политика и македонското прашање.

Лазар Мојсов е роден на 19 декември 1920 година во Неготино. Завршил гимназија во Горњи Милановац. По дипломирањето, дошол да студира право во Белград. Дипломирал и докторирал на Правниот факултет во Белград. Учествувал во акциите на прогресивните студенти на Универзитетот во Белград.

Во 1941 година се приклучил на Народноослободителното движење (НОП), а во 1943 година на Народноослободителната борба. За време на војната бил политички работник во Втората Македонска бригада и во Главниот штаб на НОВ и ПО на Македонија.

Бил советник на Првото заседание на Антифашистичкото собрание на Народното ослободување на Македонија (АСНОМ), одржано на 2 август 1944 година.

По ослободувањето, Лазар Мојсов извршувал разни функции: Јавен обвинител на Народна Република Македонија, од 1948 до 1951 година, Директор на Друштвото за издаваштво на весници „Нова Македонија“. Во следните две декади бил пратеник во

собранијата на РМ и СФРЈ. Во меѓувреме, Мојсов почнал дипломатска кариера како југословенски амбасадор во СССР и Монголија од 1958 до 1961 и во Австрија од 1967 до 1969 година. Од 1969 до 1974 година служел како југословенски амбасадор во Обединетите нации, Гвајана и во Јамајка.
Од 1974 до 1982 година бил заменик-министер за надворешни работи на Југославија, а од 1977 до 1978 година бил претседател на Генералното собрание на Обединетите нации.

Мојсов беше дипломат со исклучително квалитети, признат во целиот свет. Беше близок пријател со Џорџ Буш постариот со кого беа заедно амбасадори во ОН.

Потоа Мојсов ил Претседател на Президиумот на Централниот комитет на Комунистичката партија на Југославија, од 20 октомври 1980 година до 20 октомври, 1981, Заменик од 1974 година, а од 17 мај 1982 до 15 мај 1984 година Сојузен секретар за надворешни работи на СФР Југославија, Член на Президиумот на СФР Југославија, од 15 мај 1984 до 15 мај 1989 година, Потпретседател на Президиумот на СФР Југославија, од 16 мај 1986 до 16 мај 1987 година, Претседател на Президиумот на СФР Југославија, од 16 мај 1987 до 16 мај 1988 година.

Лазар Мојсов се занимавал со новинарска и публицистичка работа. Објавил повеќе трудови од обласа на надворешната политика и македонското прашањен како: Бугарската работничка партија (комунистичка) и Македонското национално прашање, Белград, 1948; За прашањето на Македонското национално малцинство во Грција, 1954; „Мемоарски записи, средби, луѓе, настани. Кн. 1, Советски и американски лидери во соработка и конфронтација: (од Хрушчов до Елцин и од Никсон до Клинтон)“ од 2006 година.и др.

Лазар Мојсов починал на 25 август 2011 година во Белград.

Носител е на Паризанска споменица 1941 и други бројни одликувања.



Подготвил: Т.К.